А – Интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата: АД Оранжерии с. Хамзали, Босилово – Подружница: Работен погон НОВА СЛОГА, Ресен

Адреса на седиштето: Населено место без уличен систем, бб, Хамзали, Босилово

Адреса на инсталацијата: ул. 29-ти Ноември бб

Поштенски број и град: 7310 Ресен

Број на Дозволата: УП1-11/3-207/2023

Содржина

Содржина.....1

Речник на користени поими 2

Вовед 7

1 Инсталација за која се издава Дозволата 18

2 Работа на инсталацијата 21
2.1 Техники на управување и контрола 21
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) 23
2.3 Техники на работа 25
2.4 Заштита на подземните води 26
2.5 Ракување и складирање на отпадот 28
2.6 Преработка и одлагање на отпад 30
2.7 Енергетска ефикасност 34
2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија 35
2.9 Бучава и вибрации 36
2.10 Мониторинг 37
2.11 Престанок на работа 39
2.12 Инсталации со повеќе Оператори 42

3 Документација 43

4 Редовни извештаи 44

5 Известувања 46

6 Емисии 48
6.1 Емисии во воздух 48
6.2 Емисии во почва 53
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) 53
6.4 Емисии во канализација 54
6.5 Емисии на топлина 54
6.6 Емисии на бучава и вибрации 55

7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води 56

8. Услови надвор од локацијата 57

9. Програма за подобрување ..... **Error! Bookmark not defined.**

10. Договор за промени во пишана форма 59

Додаток 1 60

Додаток 2 61

Крај на Дозволата 51

Речник на користени поими

Аеросол	Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум.
Атмосферска вода	Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите
Барање	Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа Дозвола
Би-годишно	Цел или дел од шест последователни месеци
БПК$_5$	Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена
ВОЈ	Вкупен Органски Јаглерод
ГИЖС	Годишен извештај за животна средина
Годишно	Приближно во интервали на 12 месеци Период или дел од период од 12 последователни месеци
Градежен отпад и отпад од рушење	Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин.
Гранични вредности на емисија	Оние гранични вредности на емисија кои се дадени во Поглавје 6 од оваа Дозвола
Граница за масен проток	Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстација што може да биде емитирана во единица време.
ГХ/МС	Гасна хроматографија / Масена спектрометрија
dBA	Децибели
Двегодишно/ биенално	Еднаш на секои две години
Ден	Секој период од 24 часа
Дневно	За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат; со најмалку едно мерење во било кој еден ден.
Дневно време	Периодот од 08.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за ноќно време).
Договор	Писмен договор
Документација	Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација

	или друг документ во пишана или електронска форма кој се бара со оваа Дозвола.
Еколошка штета	Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 точка 51 од Законот за животна средина
ЕС	Електро-спроводливост (µС/см)
ЕФТ	Еквивалентен Фактор на Токсичност
Индустриски не опасен отпад	Согласно дефиницијата за индустриски неопасен отпад" во член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.
Инсталација	Согласно дефиницијата за инсталација од член 5 точка 35 од Законот за животна средина: - во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето; - во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објектите, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата.
ИСКЗ	Интегрирано спречување и контрола на загадувањето
Инцидент	(а) итен случај; (б) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа Дозвола; (в) секое ниво, дадено во ова Дозвола, а е достигнато или надминато, и (г) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи.
К	Келвин (единица мерка за температура)
Капацитет/ опрема за задржување	Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал.

Квартално	Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври.
kPa	Кило Паскали
Leq	Еквивалентно континуирано ниво на звук
Локација чувствителна на бучава (ЛЧБ)	Секоја населена куќа, хотел или хостел, болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност.
Македонски каталог на отпад / Листа на видови отпади (ЛВО)	Листа на видови отпади, Службен весник бр.100/05
Месечно	Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали
МЖСПП	Министерство за животна средина и просторно планирање
Надлежен орган	Орган надлежен за издавање на ИСКЗ дозволи
НДТ	Најдобри Достапни Техники
Неделно	За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела
Ноќно време	Од 22.00 до 08.00 часот (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за дневно време)
Одржување	Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да се извршува функцијата
Оператор	Согласно дефиницијата за „Оператор” од член 5 точка 40 од Законот за животна средина: - секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на Дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за активноста.

Праг за масен проток	Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК
ПРЕО	Проценка на ризикот од еколошка одговорност
Прилог	Секое повикување на Прилог од оваа Дозвола се однесува на прилозите поднесени како дел од оваа Дозвола
Примерок	Доколку контекстот на оваа Дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти
ПСОВ	Пречистителна Станица за Отпадни Води
ПУЖС	Програма за Управување со Животната Средина
ПУР	План за Управување со Ризици
ПУРЗ	План за Управување со Ризикот по Затворање
Работни часови	Часови/време во кое инсталацијата има Дозвола/е овластена да работи
РИПЗМ	Регистер на Испуштање и Пренесување на Загадувачки Материи
РК	Растворен кислород
Санитарен/ комунален ефлуент	Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата
СИСП/IPC	Спректроскопија со Индуктивно Спрегната Плазма
Слика	Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено
Соодветно осветлување	20 лукса, мерено на ниво на почва
Стандардна Метода	Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. EN, ISO, CEN, BS или еквивалентно).
Течен отпад	Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја.
Тешки метали	Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во периодниот систем на елементи - со специфична густина поголема од 4.0 g/cm^3

ХПК	Хемиска потрошувачка на кислород
CEN	Comité Européen De Normalisation - Европска Комисија за стандардизација
Часови за прифаќање на отпад	Часови во кои на инсталацијата и е дозволено да прифаќа отпад

Вовед

Овие воведни белешки не се дел од Дозволата

Следната Дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,51/11,123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15 129/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија

бр.89/22 и 171/22), за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски Додаток за поднесување на барање за усогласување со оперативен план (Службен весник на РМ, бр. 89/2005), до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа Дозвола

Работен погон НОВА СЛОГА Ресен е инсталација за производство на цигли, керамиди и производи од печена глина за градежништво. Покрај основната дејност во Инсталацијата се врши и експлоатација/ископ на минерална суровина-глина, од локалитетот Ѓупски Рид, кој се наоѓа веднаш до локацијата на погонот, од две откопни полиња поле А и поле Б. Ископот на глина се врши врз основа на Договор за концесија на експлоатација на минерална суровина -глина, како и дозвола за експлоатација на минерална суровина – глина. Вкупна површина на погон и откопни полиња изнесува 74360m^2 . Површината на погонот изнесува 22883m^2 од кои 10931m^2 се под објекти, а на откопните полиња изнесува вкупно 51477m^2.

Проектираниот капацитет на производство на цигли, керамиди и производи од печена глина изнесува 350t/ден печен производ или проектиран годишен капацитет од 115500t печен производ. Проектираниот капацитет за експлоатација на глина изнесува 150 000 t/годишно.

Погонот за производство на цигли, керамиди и производи од печена глина за градежништво односно објектите во инсталацијата се наоѓаат на:КП бр.5579/2, КП бр.5579/7 и дел од КП бр.5579/4. Со урбанистичкиот план инсталацијата е наменета за одвивање на индустриска активност со класа на намена Г2.

Работен погон НОВА СЛОГА Ресен припаѓа на Точка 3.4. Инсталации за производство на керамички производи со печење, пред се ќерамиди, тули, огноотпорни тули, плочки, каменина или порцелан, со производствен капацитет над 75т/ден и/или со капацитет на печка над 4m^3 и со насипна густина над 300kg/m^3 по печка пд Прилог1 на Уредбата за определување на активностите за кои е потребана Интегрирана еколошка дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план.

Работните активности во инсталацијата се одвиваат континуирано во три работни смени а експлоатационите активности во две по осум часа. Вкупниот број на вработени изнесува околу 70.

Погонот за производство на цигли, керамиди и производи од печена глина за градежништво е составен од два меѓусебно поврзани објекти. Во првиот објект е сместена опрема за подготовка и обработка на влезната минерална суровина-туларска глина, до фаза на обликување на форми, а во вториот објект се врши сушење и печење, како и палетизирање на готовиот производ, кој потоа се изнесува на отворен простор за складирање и товарење.

Покрај производство, во кругот на инсталацијата се врши складирање на петрол-кокс во два силоси по 70m^3 на површина од 110m^2, мазут во резервоар со капацитет од 750m^3, пропан-бутан гас во 2(два) надземни хоризонтални резервоари, со поединечна зафатнина од по 50m^3 или вкупно 100m^3.

Минерали на глина (алумосиликатни руди, песок и вода) се основна суровина за производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина. Основната суровина Операторот ја добива со површински коп, во близина на инсталацијата и од други наоѓалишта. Главните руднички активности опфаќаат: отстранување на јаловина, ископување на глина со багер, утовар на глината во камиони кипери со помош на багер или утоварач, транспорт на глина до поле за одлежување на глина. Откако ќе одлежи глината се земаат проби за испитување на квалтет, со цел да се произведе квалитетен производ. Со багер/утоварач одлежаната глина се носи до сандучести додавачи од каде што започнува процесот на производство. Технолошкиот процес за производство на ќерамички производи се состои во: мешање на суровинските материјали, калапење и потиснување со цел да се добие соодветна форма, сушење во сушари од тунелски тип, печење на точно определен температурен градиент, контролиран процес на ладење со цел да се задржи керамичката структура. Со багер се црпи глината, по должина и по висина на самиот простор, со цел дополнително хомогенизирање. Овој агрегат со своето контролирано движење овозможува постојан проток на материјал кој се транспортира кон систем за грубо мелење и следи фино мелење. Двата млина се обезбедени со усисни вентилатори. За сузбивање на прашината кај процесите на грубо и фино мелење на суровината (глина), над млиновите и околу нив поставени се систем од мали цевки со прскалки низ кои поминува вода и доаѓа до оросување. На тој начин не доаѓа до ширење на прашината. После грубата преработка на суровината (глина) во објектот за примарна преработка, таа преку транспортни ленти се одлага до затворен објект за одлежување. Потоа, со помош на стационарен багер ведричар суровината продолжува до наредната фаза од технолошкиот процес а тоа е фино мелење**.** Иситнетата глина преку транспортна лента се носи до хомогенизатор. Од тука преку лентест транспортер се носи кон опремата за обликување-преса екструдер. Со екструдерот се формира бесконечна профилирана паста која машински се отсекува на точно определена димензија, при што се добиваат влажни глинени блокови со точно дефинирани димензии. Блоковите се редат на решетки на транспортни колички (регали) со помош на транспортни ролни и се носат на сушење во сушара од тунелски тип. Процесот на сушење е во времетраење од 48ч. Топлината за загревање на воздухот за сушарата се обезбедува од генератор за топол воздух, но дел се обезбедува и од процесот на ладење на испечените блокови. Во сушарата влегува сув загреан воздух на температура од 120˚С, а од неа излегува изладен воздух (40˚С), со релативна влажност од 30%. Влажниот воздух ја напушта сушарата низ цевоводи(дифузори), во кои има сместено радијални вентилатори на електромоторен погон кои го исфрлаат влажниот воздух во атмосфера преку три испусни места.

Исушениот производ со 3-5% влажност, доаѓа на утоварно-истоварен лифт. Потоа, елементите се редат на вагони и се внесуваат во тунелска печка. За тунелската печка како гориво се користи течен нафтен гас, мазут и петролкокс. Во процесот на печење производот подлежи на одредени физичко-хемиски промени, при што се добива керамички порозен производ кој се одликува со специфични физичко-механички особини, одредена боја, јачина на производ и цврстина. Во тунелска печка има три зони: зона на предгревање, зона на печење и зона на ладење. Во првата зона севрши потполно испарување на кристално сврзаната влага, во втората зона се врши кристализација на кварцот во тридимит и во зоната за ладење, се ладат готовите производи, а ослободената топлина се користи во процесот на сушење. Режимот на печење и температурниот дијаграм се задаваат на компјутер, а потоа се врши автоматска контрола и водење на процесот. По завршување на процесот на печење се добиваат

финални производи кои од вагоните со помош на роботи се поставуваат на транспортни ленти.

Готовите производи се селектираат по класи според квалитет, а палетите од прва класа се замотуваат во пластична фолија, обележуваат со сериски број и лого на компанијата. Спакувани и обвиткани со фолија, палетизирани ги превзема виљушкар, и ги поставува на дрвени палети

Во магацинските простории се врши складирање на помошни материјали(масла, гумени црева, каиши, резервни делови) како и складирање на акумулатори, отпадни масла и масти.

Помошни објекти:

1. **Механичарска работилница-**за сервисирање и одржување на сопствени возила и опрема.
2. **Котлара и мазутара -** предгревање на мазутот во мазутна подстаница и котлара за постигнување на работната температура за во тунелска печка.
3. **Компресорска станица-**снабдување со компресиран воздух;
4. **Пропан-бутанска постројка-**со резервоари за складирање,, испарувачка станица, редуцир станица, и цевоводи за транспорт на пропан-бутан.
5. **Силоси за петрол-кокс -** складирање во два силоси, опремени со вреќасти филтри за отпрашување на воздухот при процес на полнење на силосите. Процесот на дозирање е целосно затворен и автоматизиран.

Снабдување со електрична енергија-се обезбедува преку ЕВН. Инсталацијата има сопствена трафостаница во состав на погонот за производство. Електрична енергија се обезбедува од сопствени фотонапонски панели поставени на кровната конструкција на Погонот.

Водоснабдување(санитарни и технички води)-санитарните води се обезбедуваат од локален водоводен систем на град Ресен. Техничка вода се обезбедува од сопствен бунар кој е во кругот на инсталацијата. Водата од бунарот се користи за ладење на резервоарите за ТНГ и како техничка вода за одржување на хигиена.

Управување со отпадни води - Од производен процес не се генерираат отпадни води. Санитарните отпадни води од административниот дел се собираат во армиранобетонска шахта која е составена од неколку комори со различно ниво на прелевање на отпадната вода. Коморите служат за сепарирање на цврстиот отпад од водата. Санитарните отпадни води пречистени се испуштаат преку канализација во реципиент. На одредено време, коморите кои го прифаќаат цврстиот отпад се чистат со цистерна за таа намена.

За атмосферските отпадни води околу индустсрискиот комплекс има бетонски каналчиња со благ наклон кои ги собираат водите од околината и ги канализираат до една заедничка шахта од која преку цевка што оди под асфалтот(магистралниот пат за с.Болно), до другата страна на патот и завршуваат во градска канализација.

Промените во управувањето со отпадните води се констатирани при увидот на ден 21.03.2024год. во инсталацијата, и описот за управувањето е доставен на 26.04.2024год. поради фактот што не се во опфатот на барањето за обновување на дозволата.

Отпадот кој настанува во процесот на производство при методи на механичка и термичка обработка (сушење) се враќа повторно во производствен процес. Отпадот генериран при процесот на печење, поради физичко – хемиските карактеристики се изнесува надвор од погонот времено се складира, и се враќа назад на ископ за пополнување на волуменската празнина.

Идентификувани се еден примарен извор на емисии во воздух – оџак од печка и три секундарни извори на емисии на загадувачки супстанции во воздух – оџаците од сушара.

Операторот на инсталацијата нема имплементиран Систем за животна средина ИСО 14001.



Диспозиција на објекти на локацијата на Погон за производство на цигли, блокови за градежништво

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на Дозволата	Број на Дозвола	Дата на издавање

Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација		
А-Интегрирана еколошка дозвола на АД Оранжерии с. Хамзали, Босилово-Подружница: **Работен погон НОВА СЛОГА**	11-249/7	31.03.2014

Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање
Договор за концесија на минерална суровина-глина за Подружница: **Работен погон НОВА СЛОГА**	24-2321/4	28.09.2012
Дозвола за експлоатација на минерална суровина за Подружница: **Работен погон НОВА СЛОГА**	24-5015/3	26.12.2013
Решение за **Дозвола за користење подземна вода** за технолошки потреби	11-10543/4	14.02.2013
Решение за одобрен елаборат за проект- поставување на **постројка за пропан бутан гас** со цевковод	11-273/2	14.02.2014
Решение за одобрен елаборат за проект- **Фотонапонски панели** за производство на електрична енбергија	УП1-11/4-625/2022	06.06.2022

Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа Дозвола, ве молиме наведете го Бројот на Дозволата.
За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган Министерството за животна средина и просторно планирање на адресата Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка Дозвола во посебен плик.

Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

Предавање на Дозволата при престанок на работа на инсталацијата
При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува органот. Со цел барањето да биде успешно, Операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Во согласност со член 115 став 6 и 7 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), **А-интегрираната еколошка дозвола има важност од**

7(седум) години. Најкасно, една година пред истекот на важноста, Операторот на инсталацијата е должен да поднесе барање за обновување на Дозволата.

Преглед на барани и доставени документи

Предмет	Датум	Коментар
Барање за обновување на А- итегрирана еколошка дозвола УП1-11/3 - 207/2023	01.02.2023	Доставено е барање од страна на операторот за обновување на А-ИЕД поради изминат законски утврден рок од седум години
Известување – прилог-УП1-11/3 - 207/2023	17.03.2023	Доставен примерок од Барањето за обнова на А-ИЕД до државен инспекторат за животна средина
Известување -прилог УП1-11/3 - 207/2023	17.03.2023	Доставен примерок од Барањето за обнова на А-ИЕД до Министерство за здравство
Известување -прилог УП1-11/3 - 207/2023	17.03.2023	Доставен примерок од Барањето за обнова на А-ИЕД до Министерство за економија
Известување -прилог УП1-11/3 - 207/2023	17.03.2023	Доставен примерок од Барањето за обнова на А-ИЕД до општина Ресен

Објава на Барање за обновување на А-итегрирана еколошка дозвола УП1-11/3 - 207/2023	17.03.2023	Објавено е барањето во дневен печат и на web страната на МЖСПП, на ден 22.03.2023
Доставување забелешки УП1-11/3 - 207/2023	02.05.2023	Општина Ресен со забелешки по Барањето за обнова на А-ИЕД
Објава на Нацрт А-интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3 - .207/2023	15.12.2023	Објавена е Нацрт А-ИЕД во дневен печат и на web страната на МЖСПП, на ден 29.12.2023
Одговор на Барање мислење бр.11-1848/1	28.02.2024	Министерство за здравство со предлог за фреквенцијата на мониторинг на емисии
Записник УП1-11/3 - 207/2023	22.03.2024	Увид во инсталацијата на ден 21.03.2024год. за утврдување на фактичка состојба со податоците од барање за обнова на А-ИЕД
Известување УП1-11/3 - 207/2023	11.04.2024	За дополнителни податоци утврдени при увидот дека се потребни за финализирање на постапката
Дополнителни податоци УП1-11/3 - 207/2023	26.04.2024	Доставени се податоците потребни за финализирање на постапката
А-Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-207/2023		Одлучено позитивно

Лице кое ја води постапката	**Светлана Глигорова**	Потпис:
Раководител на одделение за ИСКЗ	**Besa Tateshi**	Потпис:
Раководител на сектор за ИЗУР	**Nazim Aliti**	Потпис:
Управа за животна средина Директор	**Hisen Xhemaili**	Потпис:

А-Интегрирана еколошка дозвола

Закон за животна средина

Дозвола

Број на Дозвола: **УП1-11/3-207/2023**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,51/11,123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15 129/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), го овластува:

АД Оранжерии с.Хамзали, Босилово-Подружница: Работен погон НОВА СЛОГА, Ресен

со регистрирано седиште на
Адреса: **Населено место без уличен систем бб,**
Поштенски број Град: с.Хамзали, општина Босилово

Држава: **Република Северна Македонија**
Број на регистрација на компанијата **5613779/2**

да раководи со Инсталацијата
АД Оранжерии с.Хамзали, Босилово-Подружница: работен погон НОВА СЛОГА, Ресен ул. 29 –ти Ноември бб. 7310 Ресен

во рамките на Дозволата и условите во неа.

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Услови 1.Инсталација за која се издава Дозвола

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табелите 1.1.1 и 1.1.2.

Табела 1.1.1 Основни активности		
Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола со временски Додаток за поднесување оперативни планови	**Опис на наведената активност**	**Граници на наведената активност**
Прилог 1, Точка 3 Индустрија на минерали **3.4 Инсталации за производство на керамички производи со печење, пред се ќерамиди, тули, огноотпорни тули, плочки, каменина или порцелан, со производствен капацитет над 75т/ден и/или со капацитет на печка над 4m³ и со насипна густина над 300kg/m³ по печка;**	Производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина за градежништво;	350 т/ден; печен производ
Прилог 2, Точка 3 Индустрија на минерали **3.2 Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, доколку не се опфатени во Прилог 1**	Експлоатација на минерални суровини	Проектиран капацитет за експлоатација на глина: **150 000т/год.**

Табела 1.1.2 Придружни активности		
Активност	**Опис на активноста**	**Ограничувања на активноста**
Складирање на петрол-кокс	Два силоси, разводен ормар и настрешница	Два силоси по 70m^3 на површина од 110m^2

1.1.2 Активностите овластени во условот 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

Табела 1.1.2	
Документ	**Координати на локацијата**
АД Оранжерии с.Хамзали, Босилово-Подружница: работен погон НОВА СЛОГА, Ресен	E: 21° 00 ’09.53” N: 41° 04’ 57.27”



Слика 1. Мапа на инсталацијата

Табела 1.1.3			
Документ	**Точка**	**Координата Y**	**Координата X**
Граници на Погон за производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина	**Т-1**	7 500 689.40	4 548 984.94
	Т-2	7 500 752.82	4 548 961.56
	Т-3	7 500 616.94	4 548 716.80
	Т-4	7 500 697.58	4 548 711.09

Табела 1.1.3			
Документ	**Точка**	**Координата Y**	**Координата X**
Рударски проект со Експлоатационо поле А со површина од **0,017225 km²**	**Т-1**	7 500 717	4 548 721
	Т-2	7 500 752	4 548 723
	Т-3	7 500 754	4 548 712
	Т-4	7 500 793	4 548 771
	Т-5	7 500 819	4 548 765
Координати на центарот на инсталацијата според национален систем:	**Т-6**	7 500 852	4 548 767
	Т-7	7 500 841	4 548 779
	Т-8	7 500 837	4 548 856
	Т-9	7 500 757	4 548 904
	Т-10	7 500 726	4 548 917
	Т-11	7 500 728	4 548 824

Табела 1.1.3			
Документ	**Точка**	**Координата Y**	**Координата X**
Рударски проект со Експлоатационо поле Б со површина од **0,016575 km²**	**Т-1**	7 500 611	4 548 756
	Т-2	7 500 584	4 548 756
	Т-3	7 500 543	4 548 712
	Т-4	7 500 515	4 548 646
	Т-5	7 500 486	4 548 604
Координати на центарот на инсталацијата според национален систем:	**Т-6**	7 500 460	4 548 626
	Т-7	7 500 488	4 548 714
	Т-8	7 500 508	4 548 760
Y= 7500686.65	**Т-9**	7 500 536	4 548 802
X= 4548831.31	**Т-10**	7 500 560	4 548 860
	Т-11	7 500 637	4 548 852

01.02.1 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се изготват во согласност со условите во оваа Дозвола стануваат дел од Дозволата.

1.1.4 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,51/11,123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15 129/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

2. Работа на инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.1.1 Управување и контрола

Опис	Документ	Дата кога е примено
Управување и контрола	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог III .1	01.02.2023
Органограм на управување	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог III Слика1	01.02.2023
Улоги и одговорности	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог III.1.1	01.02.2023
Приказ на емисиите и системите за намалување, насоки за подобрување и контрола	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II Табела 7	01.02.2023
Опис на технолошкиот процес и основна технолошка шема за ископување на глина	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II Слика3	01.02.2023
Диспозиција на објекти	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II Слика4	01.02.2023

Складирање на суровина	Дополнување на Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023	26.04.2024

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3 Во инсталацијата за која се издава Дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од Дозволата.

2.1.4 Копија од Дозволата и оние делови од барањето кои се земени предвид во оваа Дозвола ќе бидат во секое време достапни до секој вработен чии должности се поврзани со некој од условите во оваа Дозвола.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние условите од Дозволата кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршување на нивните обврски.

2.1.6 Операторот ќе ангажира соодветно квалификуван и искусен менаџер на инсталацијата кој ќе биде назначен како одговорно лице. Менаџерот на инсталацијата или номинираното, соодветно квалификувано и искусно лице, во улога на заменик, треба да биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.7 Операторот ќе му ги достави на Надлежниот орган, Програма за управување со животна средина (ПУЖС) и Распоредот на целите и задачите за заштита на животната средина со комплетен преглед на сите операции, процеси, опции и можности за енергетска ефикасност и намалување на отпад, изготвени во рамките на Стандардот за животна средина на секои 12 месеци како дел од Годишниот Извештај за Животна Средина (ГИЖС).

2.1.7.1 Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7(седум0 години и ќе се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

2.1.8 Регистар на испуштање на загадувачки материи (РИПЗМ)

2.1.8.1 Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе ја договори, со Надлежниот орган, листата на супстанции кои ќе бидат вклучени во РИПЗМ како и методологијата користена при нивно определување. Оваа листа треба да биде дел од ГИЖС.

2.1.9 Документација

2.1.9.1 Операторот ќе воспостави и одржува систем за документација на управувањето со животната средина, кој ќе биде доставен до Надлежниот орган.

2.1.10 Корективни мерки

2.1.10.1 Операторот ќе воспостави процедури според кои ќе се преземат корективни мерки доколку специфицираните барања од Дозволата не се исполнети. Во процедурите треба да се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.11 Подигање на свеста и обука

2.1.11.1 Операторот ќе воспостави и одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука на целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да ги чува записите од обуките.

2.1.12 Програма за комуникација

2.1.12.1 Во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на Дозволата, Операторот ќе воспостави програма со која ќе и обезбеди пристап на јавноста до информациите кои се однесуваат на состојбата со животната средина. Оваа програма ќе биде доставена до Надлежниот орган.

2.1.13 Програма за одржување

2.1.13.1 Сите постројки, опремата и техничките делови кои се во функција на инсталацијата треба да се одржуваат во добра работна состојба.

2.1.13.2 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која може да има влијание врз животната средина, базирана на упатствата издадени од страна на производителот/добавувачот или изведувачот на таа опрема. Како додаток кон програмата треба да се обезбеди и соодветно чување на записите и контролните тестирања.

2.1.13.3 Операторот треба јасно да ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал.

2.2 Суровини (вклучувајќи ја и водата)

2.2.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Листа на суровини	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог IV.1.1	01.02.2023
Хемиски карактеристики и гранулометриски состав на глина	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог IV.1.1 Табели 1 и 2	01.02.2023
Листа на помошни материјали, други супстанции и енергии употребени или произведени во инсталацијата	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог IV.1.2 и IV.1.3	01.02.2023
Безбедносни листи за супстанциите и помошните материјали	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог IV -Додаток 1	01.02.2023
Детали за суровини, меѓупроизводи и производи	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Анекси Табела IV.1.1 и Табела IV.1.2	01.02.2023
Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи -суровини -помошни материјали -горива, енергии	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.1	01.02.2023
Снабдување со санитарна и техничка вода	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.1	01.02.2023
Листа на слики и табели	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.1	01.02.2023

2.2.2 Операторот на секои 12 (дванаесет) месеци ќе врши ревизија на количеството на употребена вода во инсталацијата со цел да ги идентификува начините за поефикасно користење на истата. Заклучоците од оваа ревизија ќе бидат вклучени во извештајот дефиниран во Додаток 2 (Распоред на целите и задачите за животната средина).

2.2.3 Операторот ќе направи проценка на ефикасноста на употребените суровини во сите процеси, со особено внимание на намалување на создавањето отпад. Проценката треба да се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, истите треба да се вклучат во Распоредот на целите и задачите за животната средина.

2.2.4 Операторот на инсталацијата треба да ги земе во предвид опциите за минимизирање на емисиите преку:

- употреба на чисти горива со ниска содржина на сулфур или течни горива како што се природниот гас или петрол гасот;
- селектирање на суровини и адитиви со мало учество на азот;

2.2.5 Операторот поради обезбедување на техничка вода од сопствен бунар, поседува Дозвола за користење вода од бунар бр.11-10543/4 од 14.02.2013год. со задолжување за почитување на сите обврки кои произлегуваат од истата.

2.3 Техники на работа

2.3.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.3.1: Техники на работа

Опис	Документ	Дата кога е примено
Руднички активности	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.2	01.02.2023
Погон за производство на цигли, керамиди и производи од печена глина	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.3	01.02.2023
Шематски приказ на подготовка на суровина/глина и фаза на обликување	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.Слика 12	01.02.2023
Шематски приказ на процесот на производство на цигли, керамиди и производи од печена глина	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.Слика 35	01.02.2023
Технолошка шема на производство со извори на емисии	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.Слика 36	01.02.2023
Технолошка шема на тунелска печка	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.Слика 26	01.02.2023
Шематски приказ на процесот на печење на	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023	01.02.2023

производите	Прилог II.Слика 29	
Фотонапонски панели	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.3.5	01.02.2023
Котлара -сисем за загревање на мазут и препумпна станица	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.3.6 Слики 42-46	01.02.2023
Пропан -бутанска постројка со складишни резервоари	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.3.8	01.02.2023
Складишни резервоари за петрол кокс	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.3.9	01.02.2023
Транспортни системи, енергии, помошми материјали	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II.4	01.02.2023
Приказ на емисии и системи за намалување, подобрување и контрола	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог II. Табела 7	01.02.2023

2.3.3 Пред производство на било кој нов производ, Операторот треба да достави:

- извештај до Надлежниот орган во кој се наведени процесите што ке бидат
- применети како и користените техники за минимизирање на влијанието врз медиумите на животната средина.

2.3.4 Се задолжува Операторот, да ја следи непропустливоста на сите цевководи и резервоари и ги одржува во добра работна кондиција како превентивна мерка за спречување на хаварија.

2.3.5 Операторот, ќе изврши антикорозивна заштита на сите метални резервоари и садови изложени на надворешно влијание.

2.4 Заштита на подземните води

2.4.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

	Табела 2.4.1: Заштита на подземните води

Опис	Документ	Дата кога е примено
Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V	01.02.2023
Опис и управување со цврст и течен отпад во инсталацијата	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.2	01.02.2023
Локации за времено складирање на отпад	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.2.1 Слика 32	01.02.2023
Управување со неопасен и опасен отпад	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.2.2	01.02.2023
Загадување на почвата/подземната вода	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог VII.6	01.02.2023
Оценка на влијанието врз животната средина на искористување на отпадот во рамките на локацијата и/или негово депонирање	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог VII.7	01.02.2023

2.4.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите треба да се јасно означени и соодветно одделени.

2.4.3 Внимателно внесување на петрол-коксот во силосите, како и негово понатамошно распределување до тунелска печка, и покрај тоа што целиот процес е комплетно автоматизиран.

2.4.4 Транспортните возила и другите транспортни системи треба редовно да се чистат за да се спречи било какво истекување.

2.4.5 Операторот треба да има соодветен капацитет на опрема во складиштето и/или соодветни абсорпциски материјали кои ќе го задржат и абсорбираат било кое истекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби, абсорпцискиот материјал треба да се складира на соодветно место за опасен отпад, согласно законските одредби до една година во кругот на инсталацијата до предавање на овластен превземач.

2.4.6 Товарењето и истоварањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа и соодветно заштитени од истурање и истекување.

2.4.7 Простор за складирање

2.4.7.1 Целиот простор за складирање во резервоари и буриња, како минимум, треба да има локална или оддалечена танк-вана чиј волумен не е помал од следнито:

а. 110% од капацитетот на најголемиот сад или буре во рамките на ограденaта област; или

б. 25% од вкупниот волумен на супстанцијата која може да се складира во рамките на ограденaта област.

2.4.7.2 Сите влезни и излезни приклучоци, вентилациони цевки и приклучоци за мерење мора да бидат во рамките на танк-ваната.

2.4.7.3 Сите садови, контејнери и буриња треба да бидат јасно означени за да се индицира нивната содржина. Означувањето треба да биде со табли поставени пред секој резервоар, буре или група буриња со иста содржина.

2.4.7.4 Местата за складирање треба да бидат поставени што подалеку од водните тела и осетливите подрачја т.е места кои се од јавен карактер и се заштитени од нарушување.

2.4.7.5 Се задолжува Операторот, да складирањето на сите енергенси кои се користат во инсталацијата го изведе и одржува во согласност со позитивните законски прописи кои ја регулираат таа проблематика.

2.5 Ракување и складирање на отпадот

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ракува со и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.5.1: Ракување и складирање на отпадот

Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Опис и управување со цврст и течен отпад во инсталацијата	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.2	01.02.2023
Отпад-користење/одложување на опасен отпад и друг отпад	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Анекси- Табела V.2.1 и Табела V.2.1	01.02.2023
Еколошки аспекти и НДТ-Управување со отпад и минимизирање на создавање отпад	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог X	01.02.2023

2.5.2 Планот на кој се прикажани местата за складирање на отпадот треба да се доставува до Надлежниот орган, еднаш годишно како дел од ГИЖС.

2.5.3 Отпадот ќе се складира времено на места определени за таа намена и притоа треба јасно да се означи, соодветно да се оддели и складира на соодветно заштитени од прелевање и истекување.

2.5.4 На Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

2.5.5 Операторот е должен да го предава опасниот отпад на овластена и лиценцирана фирма согласно склучен договор за таа намена.

2.5.5 Операторот ќе обезбеди отпадот, пред да се пренесе на друго лице, да биде спакуван и означен согласно националните, европските или други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.5.6 Операторот, согласно создадените количини на отпад е должен да назначи најмалку едно стручно лице-Управител со отпад и подготви Програма за управување со отпад.

Табела 2.5.2: Отпад складиран на самата локација			
Опис на отпадот	**Место на складирање на самата локација**	**Начин на складирање**	**Услови на складирање**
Минерални нехлорирани хидраулични масла 13 01 10*	На дефиниран простор во дворната површина на инсталацијата	Се собира во испразнети метални садови (буриња) во магацинот за привремено складирање на масла	Привремено и се предава на овластена компанија за собирање и транспорт на опасен отпад, согласно склучен Договор
Минерални нехлорирани моторни, трансмисиони масла и масла за подмачкување 13 02 05*	На дефиниран простор во дворната површина на инсталацијата	Се собира во испразнети метални садови (буриња) во магацинот за привремено складирање на масла	Привремено и се предава на овластена компанија за собирање и транспорт на опасен отпад, согласно склучен Договор
Синтетски, моторни и трансмисиони масла и масла за подмачкување 13 02 06*	На дефиниран простор во дворната површина на инсталацијата	Се собира во испразнети метални садови (буриња) во магацинот за привремено складирање на масла	Привремено и се предава на овластена компанија за собирање и транспорт на опасен отпад, согласно склучен Договор
Употребени восоци и масти 12 01 12*	На дефиниран простор во дворната површина на инсталацијата	Се собира во испразнети метални садови (буриња) во магацинот за привремено складирање на масла	Привремено и се предава на овластена компанија за собирање и транспорт на опасен отпад, согласно склучен Договор
Пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанции 15 01 10*	Се складира во магацин за масла и помошен магацина	-Се собира во вреќи на локација до бункерот за глина отпад од пакување на огноотпорни материјали; -во метални буриња	Отпадните метални буриња се реупотребуваат или враќаат на добавувач. Пластичните садоови и вреќите се превземаат исто од добавувач.
Апсорбенси, филтерски материјали(вклучувајки филтри за масла неспецифицирани поинаку), платна за бришење, заштитна облека загадена со опасни супстанци 15 02 02	Се складира во механичарска работилница	Се собира во метални буриња од масла во магацинот за масла и механичарска работилница	Отпадните метални буриња се реупотребуваат или враќаат на добавувач. Пластичните садоови и вреќите се превземаат исто од добавувач.

Отпад од подготовка на смесите пред термичка обработка 10 12 01	Се складира во во кругот на инсталацијата	Се собира на локација во близина на сандучестиете додавачи за суровина	Привремено до повторна употреба како суровина во процесот на производство
Отпад од производство на керамички стоки, цигли, плочки и градежни производи(по термички процес) 10 12 08	Се складира во кругот на инсталацијата	Се собира на локацијата наспроти резервоарот за мазут и котлара	Повторна употреба за покривање на пристапни патичта и пополнување на ископини во етажните полиња заради спречување на акумулација на атмосферска вода
Други честици и прав 10 12 03	Се собира на место на создавање	Се собира во филтер вреќи на правосмукалките на местото на создавање и се враќа во процесот на производство	Повторна употреба како суровина во процесот на производство
Отфрлени калапи 10 12 06	Во погонот за производство	Ќе се собира на дрвени палети во погонот за производство	Се враќа на производителот за
Измешан комунален отпад 20 03 01	Се складира во пред и во административни простории и погонот за производство	Пластични контејнери	Привремено до превземање од овластена компанија за собирање и транспорт на комунален отпад врз основа на склучен Договор
Пакување од хартија и картон 15 01 01 Пакување од пластика 15 01 02	Се собира во административните простории и во погонот	Пластични контејнери	Привремено до превземање од овластена компанија за собирање и транспорт на отпад од пакување врз основа на склучен Договор
Пакување од метал 15 01 04	Се собира во близина на механичарска работилница	Се складира привремено на локацијата	Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор
Пакување од дрво 15 01 03	Се собира во близина на механичарска работилница	Се складира привремено на локацијата	Се враќа на добавувачот
Отфрлена електрична и електронска опрема неспомната во 20 01 21, 20 01 23 и 20 01 35 **20 01 36**	Се собира на локација помеѓу механичарска работилница и погонот на Инсталацијата	Времено складирање на дрвени палети и на локации во погон	Привремено до превземање од од овластена компанија за собирање и транспорт на отпад врз основа на склучен Договор

Алкални батерии (освен 16 06 03) **16 06 04 Други батерии и акумулатори 16 06 05**	Се собира во собирни садови за батерии	На дрвени палети во механичарска работилница и во собирни садови во административните простории	Привремено до превземање од страна на добавувачот
Отпад од чистење на канализација 20 03 06	Се складира во таложникот за атмосферска канализација	Привремено до повторна реупотреба	Се реупотребува во производниот процес
Искористени гуми од возила 16 01 03	Се складира на определена локација	Привремено во близина на компресорска станица	Привремено до предавање на вулканизер
Мил од септичка јама 20 03 04	Септичка јама	До празнење во септичка јама	Се предава на ЈКП согласно договор

2.5.7 Планот на кој се прикажани местата за складирање на отпадот треба да се доставува до Надлежниот орган, еднаш годишно како дел од ГИЖС.

2.5.8 Операторот се задолжува, редовно да ја следи состојбата со отпадот и за секоја промена соодветно да постапи, имено за создадени повеќе од 200кг. опасен отпад и/или повеќе од 150т. неопасен отпад, потребно е да подготви Програма за управување со отпад.

2.5.9 Се задолжува Операторот на инсталацијата да склучи договор со овластена компанија за превземање на отпадните гуми.

2.5.10 За отпадот наведен во Табела 2.5.2 се задолжува операторот да постапува соодветно, редовно склучување на договори со лиценцирани превземачи, во зависност од видот на отпадот, и КОПИИ од обновените Договори да достави до Надлежен орган.

За условот 2.5.10 воедно е доставена и забелешка од општина Ресен УП1-11/3-207/2023 од 02.05.2023год. по доставеното барање за Обновување на А-ИЕД.

Министерство за здравство со предлог по однос на управувањето со отпад, за превземање на дополнителни мерки за отпадното масло (Одговор на барање мислење бр.11-1848/1од 28.02.2024год.).

2.6 Преработка и одлагање на отпад

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и отстранува отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот		
Опис	Документ	Дата кога е примено
Копии од Склучени договори со превземачи на отпад	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.2	01.02.2023
Управување со неопасен и опасен отпад -опис	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.2.2	01.02.2023
Локации за времено складирање на отпад	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог V.2 Слика 32	01.02.2023
Копии од договори за превземање на обврски за управување со отпад	Дополнување на Барање за обновување на А-ИЕД, УП1-11/3-207/2023	26.04.2024

2.6.2 Отстранувањето или рециклирањето на отпадот на самата локација ќе се одвива само во согласност со условите од оваа Дозвола и во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.6.3 Отпадот кој ќе се испраќа за рециклирање или отстранување надвор од локацијата ќе се транспортира само од страна на овластено лице. Транспортот на отпадот ќе се врши само од локацијата на активноста до локацијата на рециклирање/отстранување, на начин кој нема негативно да влијае врз животната средина и е во согласност со соодветната национална и европска легислатива и протоколи.

2.6.4 Операторот потребно е да го реупотребува кршот колку што е можно повеќе како репро материјал во печката.

2.6.5 За минимизирање на отпадот, потребно е да се продолжи со реискористување филтер прашината во печката колку што е можно повеќе земајќи го во предвид составот на прашината (флуор, сулфур и метали).

2.6.6 Отпадоците создадени на инсталацијата, како минимум, ќе бидат земени и анализирани таму каде што е тоа можно. Дополнителни примероци ќе бидат земени и тестирани во случај на:

- Промена на дестинацијата на отстранување или рециклирање на отпадот;
- Сомнеж дека составот на отпадот е променет така што избраната маршута на отпадот не е повеќе соодветна.

Копиии од овие анализи ќе бидат испратени до Надлежниот орган. Методите на анализите ќе бидат пријавени на Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од датумот на издавањето на оваа Дозвола или при секое менување на методите.

2.7 Енергетска ефикасност

2.7.1 Операторот треба да има План за управување со енергијата, кој ќе биде дополнуван годишно.

2.7.2 Потребна е термичка изолација на печките, користење горивни комори со висока брзина на горење и автоматска контрола на температурниот профил на печката.

2.7.3 Поради енергетска ефикасност и за да се минимизира отпадот од крш кој настанува поради термички шокови, НДТ е да се инсталираат системи за управување со температурни пикови во печката и да се користи компјутерска контрола на процесот на печење на печката.

2.7.4 За енергетска ефикасност, НДТ за нови инсталации е когенерација на електроенергијата

2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија

2.8.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.8.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.8.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија

Опис	Документ	Дата кога е примено
Мерки за за спречување на загадувањето вклучени во процесот	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог VIII.1	01.02.2023
Системи за третирање, намалување и контрола	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог VIII.2	01.02.2023
Спречување на несреќи и итно реагирање	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог XII	01.02.2023
План за итни реагирања	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог XII.1	01.02.2023
Одговорни, луѓе, процеси, опрема и оперативни сили во случај на хаварија	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог XII.2	01.02.2023
Опасности , мерки и активности во случај на хаварија	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог XII.3	01.02.2023
Мерки за минимизирање на ризикот за директно изложените лица во случај на хаварија	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог XII.4	01.02.2023
Еколошки аспекти и најдобри Достапни Техники	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог X	01.02.2023

2.8.2 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, Операторот ќе изготви документ во кој ќе биде содржана неговата политика за спречување на хаварии и ќе обезбеди истата соодветно да се применува. Политиката за спречување на хаварии ќе биде така дизајнирана да гарантира високо ниво на заштита на луѓето и животната средина со помош на соодветни средства, структури и системи на управување.

2.8.6 Врз основа на Процедурата за однесување во итни случаи, Операторот треба да изготви План за постапување во итни случаи во кој точно ќе бидат дефинирани сите инциденти кои може да се случат на постројката, влијанието на инцидентот врз здравјето на луѓето и животната средина како и начинот на постапување во при секој одделен инцидент. Операторот ќе ги има предвид сите упатства за управување со ризик подготвени од страна на Надлежниот орган.

2.8.8 Во случај на несреќа, Операторот треба веднаш да:

- го изолира изворот на било каква емисија;
- спроведе неодложна истрага за да ги идентификува природата, изворот и причината на било каква емисија која произлегува од тоа;
- го процени загадувањето на околината, доколку има, предизвикано од инцидентот;
- ги идентификува и спроведе мерките за минимизирање на емисиите/ нефункционирањето и ефектите кои следуваат;
- го забележи датумот и местото на несреќата;
- го извести Надлежниот орган и другите релевантни власти.

2.8.9 Операторот ќе достави предлог до Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од несреќата или како што е одобрено од страна на Надлежниот орган да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата, и
- Идентификува и постави други погодни активности за ремедијација.

2.9 Бучава и вибрации

2.9.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во Табела 2.9.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.9.1 : Бучава и вибрации		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Емисии на бучава,	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-	01.02.2023

збирна листа на изворите на бучава	11/3-207/2023 Табела VI.5.1	
Влијание на бучава **-**извори на бучава и најблиски рецептори; -локации на мерни места на бучава;	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог VII.8.1 Слика13 Слика 14	01.02.2023
Емисии на бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог VI.5, VI.6 и VI 7	01.02.2023
Оценка на влијанието на бучава врз животната средина	Барање и Прилог кон Барањето, Поглавје VII.4.2	01.02.2023
Лабораториски извештај за извршен мониторинг на бучава	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог VI. Додаток 1	01.02.2023

2.9.2 Операторот треба да обезбеди, објектот каде што се одвива производството да е изграден од материјал со висок индекс на заштита од бучава со што би се обезбедило да процесот на производство не резултира зголемување на постоечкото ниво на бучава во границите на инсталацијата.

2.9.3 Резултатите од мерењата ќе бидат ставени на располагање за инспекција на лицата овластени од страна на Надлежниот орган во било кое разумно време а краток извештај од овие записи ќе се вклучи во ГИЖС.

2.10 Мониторинг

2.10.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.10.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

	Табела 2.10.1: Мониторинг

Опис	Документ	Дата кога е примено
Места на мониторинг и земање на примероци	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог IX.1	01.02.2023
Мониторинг на квалитет на медиуми во животна средина	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог IX.2	01.02.2023
Вкупен број на емисиони точки за мониторинг и земање примероци	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог IX.3	01.02.2023
Мониторинг на емисии и точки на земање примероци	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Табели IX.	01.02.2023

2.10.2 Методите кои ќе се користат за мониторинг на емисиите во воздухот се дадени во: Правилник за методологија, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарни извори;

2.10.3 Операторот, во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, ќе го овозможи следното:
а) безбеден и постојан пристап за земање примероци/мониторинг на емисионите точки.
б) безбеден пристап до други точки за земање примероци/мониторинг кои ќе бидат определени од страна на Надлежниот орган.

2.10.4 Сите автоматски монитори и узоркувачи треба цело време да се во функција (освен во текот на одржување и калибрирање) додека се извршува активноста, освен доколку е поинаку договорено со Надлежниот орган во пишана форма за определен временски период. Во случај на нефункционирање на некој континуиран монитор, Операторот ќе контактира со Надлежниот орган што е можно побрзо со цел да се постави алтернативен начин за земање примерок и мониторинг. За употреба на алтернативна опрема кога не станува збор за итни ситуации, треба да се добие одобрение од Надлежниот орган.

2.10.5 Со опремата за мониторинг и анализа треба да се ракува и истата да се одржува така што мониторингот да даде точни резултати за емисиите или испуштањата.

2.10.6 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторингот, земањето примероци и анализата може да се изменат во согласност со Надлежниот орган, по претходна евалуација на резултатите од извршеното тестирање.

2.10.7 Врз база на граничните вредности на емисија, доколку има потреба во рок од една година, Операторот ќе треба да направи предвидување и симулација за дисперзија во воздух.

2.10.8 Земањето примероци и анализата на сите загадувачи како и референтните методи за калибрирање на автоматизираните мерни системи ќе се вршат во согласност со CEN стандардите. Доколку овие стандарди не се достапни, ќе се користат ISO, национални или меѓународни стандарди кои ќе обезбедат собирање на податоци од еквивалентен научен квалитет.

2.10.9 Емисионите гранични вредности на емисиите во вода во оваа Дозвола ќе се толкуваат на следниот начин:

а) Континуиран мониторинг:
- Вредноста на протокот не смее да ја надмине дадената граница;
- Вредноста за pH не смее да отстапува од специфицираниот опсег;
- Вредноста на температурата не смее да ја надмине граничната вредност.

б) Комбинирано (композитно) земање примероци:
- Вредноста за pH не смее да отстапува од специфицираниот опсег;
- Вредноста на температурата не смее да ја надмине граничната вредност
- За параметри различни од pH, темература и проток, осум од десет последователни резултати, пресметани како средна дневна концентрација или масени емисиони вредности врз основа на композитно земање на примерок пропорционално на протокот, нема да ја надминат граничната вредност на емисија. Ниту еден поединечен резултат пресметан на сличен начин не смее да надмине 1.2 пати од граничната вредност на емисија.

в) Земање примероци со зафат:
За параметрите освен pH, темература и проток, ниту еден примерок земен со зафаќање не смее да надмине 1.2 пати од граничната вредност на емисија.

2.10.10 На оние места каде можноста за мерење на параметарот е под влијание на мешање пред емисија, тогаш во согласност со Надлежниот орган, параметарот може да се оцени пред да се случи мешањето.

2.10.11 Во случај на комбинирано земање на примероци од операции во инсталацијата, посебен комбиниран примерок или хомогенизиран под-примерок (од доволен волумен, како што е препорачано) треба да се стави во фрижидер веднаш по земањето и да се чува за проверка и користење од страна на Надлежниот орган

2.11. Престанок на работа

2.11.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

Табела 2.11.1 : Престанок на работа

Опис	Документ	Дата кога е примено
Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог XIII	01.02.2023
Целосен престанок со работа	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог XIII.	01.02.2023
Концепт за план за престанок со работа и управување со резидуи	Барање за обновување на А-ИЕД УП1-11/3-207/2023 Прилог XIII.1	01.02.2023

2.11.2 После конечен или планиран прекин за период подолг од 6 (шест) месеци, на работата на целата или на дел од локацијата каде што се изведува активноста, Операторот во договор со Надлежниот орган, ќе ја предаде локацијата безбедно, односно доколку е потребно ќе ја отстрани целата почва или дел од неа, објектите или опремата или секој отпад, материјали и други супстанции кои може да предизвикаат загадување на животната средина.

2.11.3 План за престанок со работа и управување со остатоци:

2.11.3.1 Операторот ќе изготви детален план со финансиски показатели за престанок со работа или затворање на целата или на дел од локацијата. Овој План ќе се поднесе до Надлежниот орган во рок од 24 (дваесет и четири) месеци од денот на издавање на оваа Дозвола.

2.11.3.2 Планот ќе се ревидира годишно и предложените измени ќе се достават до Надлежниот орган како дел од ГИЖС.

2.11.4 Планот за управување со остатоци како минимум треба да го вклучи следното:

- Изјава за обемот на планот;
- Критериумите кои го дефинираат успешниот престанок на активностите или на некој дел од нив и кои обезбедуваат минимум влијание врз животната средина;
- Програма за постигнување на утврдените критериуми;
- Доколку е возможно, планот треба да вклучи тест програма со која ќе се покаже успешното спроведување на истиот;

- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.11.5 Во рок од 3 (три) месеци од извршување на планот, Операторот треба да поднесе до Надлежниот орган финален извештај за потврда кој ќе вклучи и сертификат за комплетирање на планот за управување со остатоци. Операторот треба да ги изврши сите потребни тестови и анализи, вклучувајќи и сертификат, онака како што бара Надлежниот орган, со цел да покаже дека не постои понатамошен ризик по животната средина.

2.11.6 Како дел од ГИЖС, Операторот треба да обезбеди годишен извештај за преземените или предвидените мерки во врска со спречување на штети по животната средина и да предвиди финансиски средства потребни за ремедијација која ќе следи по конечниот престанок со работа на инсталацијата, како и по инцидентите.

2.11.7 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност (ПРЕО) што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на ПУРЗ.

2.11.8 Во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на издавањето на оваа Дозвола операторот ќе достави извештај за оваа проценка до Надлежниот орган. ПРЕО ќе се ревидира соодветно на потребите, за да се опфатат сите евентуални значајни промени на локацијата, но најмалку секои 3 (три) години по издавањето на оваа Дозвола. Резултатите од ревидирањето ќе бидат опфатени со ГИЖС.

2.11.9 Како дел од мерките наведени во условот 2.11.5, Операторот треба да обезбеди финансиски средства кои ќе ги покријат обврските од условот 2.11.6. Финансиската надокнада ќе се разгледува и ревидира според потребите, но најмалку еднаш годишно. Доказ за промени или ревидирање на финансиската надокнада треба да се вклучи во годишниот извештај наведен во условот 2.11.5.

2.10 Инсталации со повеќе Оператори

2.12.1 Со инсталацијата за која се издава оваа Дозвола управува само еден Оператор.

3. Документација

3.1.1 Документацијата ("Специфицирана Документација") ќе содржи податоци за:

а) секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

б) целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

а) специфицираната документација;

б) било кои други документи изготвени од страна на Операторот а поврзани со работата на инсталацијата за која се издава Дозволата („Други документи").

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.3.1 Специфицираните и другите документи треба да:

а) бидат читливи;

б) бидат изготвени што е можно побрзо;

в) ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.4 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа Дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.5 Операторот на инсталацијата за којашто се издава оваа Дозвола ќе изготви записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа, резултати од истата како и корективните и превентивни мерки преземени за истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, Операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа Дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за

- Составот на отпадот, или онаму каде што не е можно, опис;
- Најдобра проценка на создадената количина отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за отстранување;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Тонажа и МКО код за увезените отпадни материјали и/или испратени надвор од локацијата за отстранување/ рециклирање;
- Имињата на пренесувачите на отпадот и нивните детали од Дозволата за собирање на отпад, ако е потребно (вклучувајќи го Надлежниот орган кој ја издал и регистарскиот број на возилото);
- Детали за крајната дестинација на отстранување/рециклирање на отпадот и нејзината погодност да ја прифати пратката отпад, да ја вклучи својата Дозвола/детали од Дозволата и органот кој ја издал, ако е потребно;
- Писмена потврда за прифаќањето и отстранувањето/преработката на опасен отпад испратен надвор од локацијата;
- Детали од сите отпади кои се испратени во странство за преработка и класифицирани како Зелени во согласност со ЕУ регулативите за прекуграничен транспорт на отпад (регулатива на Советот ЕЕС 259/1993, соодветно дополнета). Образложението за класификацијата ќе биде дел од документацијата;
- Детали за сите одбиени пратки;
- Детали за секое одобрено мешање на отпад;
- Тонажите и МКО кодот за отпадните материјали кои се рециклирани/одложени на локацијата;
- Резултатите за сите анализи побарани со оваа Дозвола.

4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, Операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Извештаите ќе се поднесуваат како што е резимирано во Додаток 2 или на друг начин детално објаснето во Дозволата.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

4.1.4 Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган (до 31-ви Март) секоја година, ГИЖС кој ја покрива претходната календарска година. Овој извештај треба да вклучи како минимум информации специфицирани во следната Табела. Годишниот Извештај за Животна Средина од оваа Дозвола треба да се подготви со релевантни инструкции издадени од страна на Надлежниот Орган.

4.1.5 Операторот ќе подготви и одржува РИПЗМ за локацијата. Супстанците кои треба да се вклучат во РИПЗМ треба да бидат одобрени од страна на Надлежниот орган секоја година според референтната листа која што е специфицирана во Упатството за ГИЖС од страна на Надлежниот орган. РИПЗМ треба да се подготви во согласност со релевантни инструкции издадени од страна на Надлежниот Орган и треба да се поднесе како дел од ГИЖС.

4.1.6 Годишниот извештај за животна средина

Содржина на Годишен извештај за животна средина
Емисии од инсталацијата. (поднесување на РИПЗМ + согласност со ГВЕ); Евиденција за управување со отпад; Преглед за потрошувачка на суровини; Преглед на забелешки (жалби/поплаки); Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година; Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година; Регистар на испуштање и пренесување на загадувачки материи - извештај од претходната година; Регистар на испуштање и пренесување на загадувачки материи - предлог за тековната година; Преглед на извештајот за мониторинг на бучава; Извештај за тестирање и инспекција на резервоари и цевководите;

Преглед на пријавени инциденти;
Преглед на извештај од ревизија на ефикасноста на енергијата;
Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и намалување на создадениот отпад;
Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на испуштање на индустриска вода;
Извештаи за финансиски мерки кои се направени под оваа Дозвола, управување и структура на персоналот на инсталацијата и програма за јавно информирање;
Преглед на планот за управување со остатоци/затворање, обновување и план за управувањето со локацијата по нејзиното затворање;
Изјава за мерките во врска со спречувањето на штетата врз животната средина и мерки за ремедијација (одговорност за штетена врз животната средина);
Преглед за утврдување на ризикот и одговорноста кон животната средина (секои три години или почесто како што е наложено од страна на релевантните промени на локацијата вклучувајќи и финансиски мерки); и
Сите други предмети специфицирани од страна на Надлежниот орган.

5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување за следното:

а) кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која ја надминува граничната вредност или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б) кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в) кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или дел од постројката, што предизвикал или има потенцијал да предизвика загадување; и

г) било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1 согласно Додатокот 1 од оваа Дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Додатокот 1 од оваа Дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Додаток, што е можно побрзо.

5.1.3 Операторот ќе даде што е можно побрзо известување во пишана форма, за секое од следниве:

а) траен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава Дозволата;

б) престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

в) повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.4 Операторот ќе даде известување во пишана форма во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а) било каква промена на трговското име на Операторот, регистарското име или адресата на регистрираната канцеларија;

б) промена на податоците за холдинг компанијата на Операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога Операторот станува дел од неа);

в) за активности кога Операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

5.1.5 Операторот ќе обезбеди и одржува огласна табла за инсталацијата читлива за лицата кои се надвор од главниот влез на инсталацијата. Минималните димензии на таблата треба да бидат 1200 мм на 750 мм.

На таблата треба јасно да биде прикажано:

- Името и телефонскиот број на инсталацијата;
- Нормалното работно време;
- Името на имателот на Дозволата;
- Телефонскиот број за контакт во итни случаи вон работното време;
- Референтен број на Дозволата; и
- Каде може да се добијат информации за животна та средина во врска со оваа инсталација.

5.1.6 Планот на инсталацијата кој јасно ја идентификува локацијата на секое складиште и место за третирање треба да се истакне во близина на влезот на објектот. Планот треба да биде истакнат на траен материјал така што ќе биде читлив во секое време. Планот треба да се измени, доколку се направат суштински промени во инсталацијата.

5.1.7 Во случај на несреќа Операторот треба веднаш да го извести Надлежниот и другите релевантни органи.

6 Емисии

6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точките на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од изворите наведени во таа Табела (определени во Поглавјето VI од Барањето за обновување на А-Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-207/2023 од 01.02.2023год.

Табела 6.1.1: Емисиони точки во воздухот		
Ознака на точка на емисија/опис	**Извор**	**Локација на точката на емисија**
АА-1-оџак	Тунелска печка	N: 41.08235^{o} E: 21.00274^{o}
АА-2-вентилационен излез од сушара	Дифузор за влажен воздух во Сушара	7500648.20 4548774.67
АА-3-вентилационен излез од сушара	Дифузор за влажен воздух во Сушара	7500653.10 4548773.27
АА-4-вентилационен излез од сушара	Дифузор за влажен воздух во Сушара	7500657.86 4548772.01
АА-5-Испуст од парен котел	Топлински влез **< од 1MW** **250kW (мазут)**	7500741.72 4548903.85

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметрите и точките на емисија наведени во Табелите од 6.1.2 до 6.1.6 нема да бидат пречекорени во специфицираниот временски период.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на точките на емисија и параметрите наведени во Табелите 6.1.2, 6.1.3, 6.1.4, 6.1.5 и 6.1.6 со фреквенции специфицирани во тие Табели.

Табела 6.1.2: Гранични вредности на емисии во воздух		
Параметри	**Ознака на точка на емисија: АА-1**	**Фреквенција**

	Испуст од Тунелска печка (мазут, петрол кокс и ТНГ со бренери)			**на мониторинг**
	Содржина на сулфур во суровината изразена во %	ГВЕ (mg/Nm³)	За емитиран масен проток над (kg/h)	
Сулфурни оксиди- SO_2	под 0,12	500	10	Квартално
Сулфурни оксиди- SO_2	над 0,12	1.500	10	Квартално
Азотни оксиди - NO_2		500		Квартално
Јаглерод моноксид - CO		200		Квартално
Вкупна прашина		50		квартално
Бензен		5	25 g/h	Квартално
Хлороводород - HCL		30		Квартално
Флуороводород - HF		5		Квартално
Испарливи органски соединенија- VOC		Согласно точката 5А од Прилогот1 од правилник		Квартално

ГВЕ за инсталации за печење и производство на керамички производи на база на глина во отпаден гас со 18%волуменска содржина на кислород.

- **не е дозволено достигнување на концентрациите на ГВЕ преку разредување на воздухот;**
- **погоре дадените ГВЕ се среднодневни вредности во кои не се вклучени периодите на рестартирање и престанок на работа на инсталацијата;**

Табела 6.1.3: Гранични вредности на емисии во воздух			
Параметри	**Ознака на точка на емисија: АА-2 Дифузор за влажен воздух во Сушара**		**Фреквенција на мониторинг**
	Вид инсталација	Концентрација (mg/Nm³)	
Прашина	Инсталации за сушење	20	Два пати годишно

Табела 6.1.4: Гранични вредности на емисии во воздух			
Параметри	**Ознака на точка на емисија: АА-3 Дифузор за влажен воздух во Сушара**		**Фреквенција на мониторинг**
	Вид инсталација	Концентрација (mg/Nm³)	
Прашина	Инсталации за сушење	20	Два пати годишно

Табела 6.1.5: Гранични вредности на емисии во воздух			
Параметри	**Ознака на точка на емисија: АА-4 Дифузор за влажен воздух во Сушара**		**Фреквенција на мониторинг**
	Вид инсталација	Концентрација (mg/Nm³)	
Прашина	Инсталации за сушење	20	Два пати годишно

Табела 6.1.6: Гранични вредности на емисии во воздух

Параметри	**Ознака на точка на емисија: АА-5 Испуст од парен котел Топлински влез < од 1MW 250kW (мазут)**		**Фреквенција на мониторинг**
	Вид на гориво:	Концентрација (mg/Nm³)	
Јаглерод моноксид (CO)	масло за ложење-мазут	175	годишно
Азотни оксиди (NOx) изразени како NO_2	масло за ложење-мазут	350	годишно
Чаден број	Сите течни горива	1	годишно

ГВЕ се однесуваат за волуменски удел на кислород од 3% при примена на течни горива

6.1.5 При нормална работа, со исклучок на периодите на стартирање или пак исклучување, емисиите во воздух не треба да бидат со видлив дим и не треба да имаат мирис кој би можел да биде детектиран надвор од границите на инсталацијата.

6.1.8 Сите емисии во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.9 Сите емисии во атмосфера не треба да содржат видлив дим. Ако, поради причина на одржување, емисиите на дим се предизвикани поради повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часа и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

6.1.10 Граничните вредности на емисиите во атмосферата дадени во оваа Дозвола треба да се интерпретираат на следниот начин:

6.1.10.1 Континуиран мониторинг:

- Ниту една 24-часовна средна вредност не смее да ја надмине граничната вредност на емисија.
- 97% од сите 30 минутни средни вредности мерени континуирано во текот на една година не смее да надминат 1.2 пати повеќе од граничната вредност за емисија.
- Ниту една 30 минутна средна вредност не смее да биде два пати поголема од граничната вредност за емисија.

6.1.10.2 Дисконтинуиран мониторинг:

- За секој параметар каде што поради ограничувања при земањето примерок или аналитички ограничувања, 30 минутен примерок не е соодветен/практичен, ќе се примени соодветен период за земање примерок и добиената вредност при тоа не смее да ја надмине граничната вредност за емисија.

- За проток, ниту една средно часовна или средно дневна вредност, пресметана на основа на соодветно периодично отчитување, не смее да ја надмине релевантната граничната вредност за емисија.

- За сите други параметри, ниту една 30 минутна средна вредност не смее да ја надмине граничната вредност на емисија.

- Праговите за масен проток се толкуваат како количества изразени во единици kg/h, над кои се применуваат граничните вредности за концентрација. Праговите за масен проток се определуваат врз основа на единечно 30 минутно мерење (т.е. добиената получасовна концентрацијата (kg/Nm^3) треба да се помножи со протокот на гасот (Nm^3/h) и резултатот се изразува како (kg/h).

- Границите за масен проток се пресметуваат врз основа на концентрацијата, определена како аритметичка средина во еден определен период, помножена со репрезентативна вредност на протокот. Ниту една вредност така добиена не смее да ја надмине граничната вредност за масен проток.

6.1.11 Операторот ќе воспостави Програма за откривање, контрола, спречување и намалување на фугитивните емисии.

6.1.11.1 Програмата ќе вклучува:

- Инвентар за фугитивни емисии од инсталацијата;
- Типови на мерења (поставување на граници на откривање);
- Фреквенција на мерења:;
- Типови на компоненти кои треба да се проверуваат: резервоари, пумпи, контролни вентили, изменувачи на топлина, конектори, фланши итн.
-

6.1.12 Минимизирање на фугитивни емисии преку:
- Затворање на делот за складирање, ракување и пренос на материјали не сметајки го тука складирањето на крупни/груби суровини;
- добро одржување на просториите;
- Фугитивните емисии за складишта и дворните простори да бидат минимизирани со помош на техниката мокро сузбивање и со помош на бариери за ветер;
- одржување на опремата за ракување со материјалот под негативен воздушен притисок;
- заштита од прелевање на резервоарите со голем капацитет;
- чистење на тркалата и патиштата(спречување на пренос на загадувањето во вода и воздух);

6.1.13 Границите на концентрацијата и волуменот на протокот за емисии во атмосферата специфицирани во оваа Дозвола треба да се постигнат без воведување на воздух за разредување и треба да се базираат на волумен на гасот под стандардни услови, и тоа:

6.1.13.1 Во случај на гасови од согорување:

- Температура од 273 К, Притисок од 101.3 k Pa сув гас; 3% кислород за течни и гасни горива; 6% кислород за цврсти горива.

6.1.14 Операторот на инсталацијата ќе врши распрскување со вода на површините каде има активни земјени работи, вклучително и земјени патишта, со цел да се редуцира емисијата на прашина. Сузбивање на прашината со прскање се применува и при грубо и фино мелење на глината.

6.2 Емисии во почва

6.2.1 Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии во почвата.

6.2.2 Операторот ќе го извести надлежниот орган за секоја промена во работењето која може да има емисии во почвата.

6.2.3 Операторот треба да обезбеди активностите од своето работење да бидат спроведувани на начин кој ќе обезбеди да не постои можност на директно влијание на почвата, како и за надворешно влијание кое создава индиректни емисии во почва.

6.2.4 Патната мрежа која е во рамките на инсталацијата ќе се одржува така да нема остатоци од прашина предизвикана од возилата кои влегуваат и излегуваат од инсталацијата.Таквата прашина или други исталожени материјали ќе бидат отстранети без одложување.

6.2.5 Машините треба да се паркираат на соодветно предвидени и уредени места, кои ги поседуваат потребните предуслови за заштита на почвите од контаминација со горива и деривати.

6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии во вода, но доколку Операторот испушта отпадни води во реципиент, ќе важат граничните вредности од Табела 6.3.1.

Табела 6.3.1 Точка на емисија во реципиент	
Параметар	**Гранична вредност**
pH	6 - 9
БПК (mg/l)	25
Суспендирани честички (mg/l)	35
Минерални масла (интерцептори) (mg/l)	20
Сулфиди (mg/l)	0,5
Флуориди (mg/l)	50

6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

Табела 6.4.1 Точка на емисија во канализација		
Ознака на точката на емисија	**Извор**	**Канализација**
/	/	/

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот/рите и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација		
Параметар	**ГВЕ**	**Фреквенција на мониторинг**

Забелешка: Од инсталацијата се генерираат санитарни отпадни води кои претходно се собираа во септичка јама. Изменет е начинот на управување со санитарните отпадни води, утврдено при увид на инсталацијата на ден 21.03.2024год. Отпадните води од административниот дел се собираат во армиранобетонска шахта која е составена од неколку комори со различно ниво на прелевање на отпадната вода. Коморите служат за сепарирање и таложење на цврстиот отпад од отпадните води. Пречистени, санитарните отпаднни води се испуштаат преку канал во реципиент.

6.5 Емисии на топлина

6.5.1. Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии на топлина кои значително ќе влијаат врз животната средина.

6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1. Граничните вредности за основните индикатори за бучава во животната средина предизвикана од извори на бучава од инсталацијата за која се издава оваа дозвола ќе бидат во согласност со националното законодавство на РМ ("Одлука за утврдување под кои случаи се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава", Сл. Весник на РМ, бр. 1/09; "Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина", Сл. Весник на РМ, бр. 147/08).

6.6.2 Активностите на локацијата нема да доведат до зголемување на нивоата на бучава, дадени подолу, на местата специфицирани како осетливи на бучава (Мапа во Прилог VI.5 од барањето за Дозвола, означени како мерни места од N1 до N6), вклучително и мерните места за следење на амбиенталната бучава означени од AN1-AN6)

Табела 6.6.1 : Точка на емисија на бучава		
Ознака на точка на емисија/опис	**Извор**	**Локација на точката на емисија**
N1	14,5м од куќа и 24,5м од работ на улицата	**E: 21, 00257** **N: 41, 08447**
N2	На 30м од резервоар за мазут и 3м од крајот на магацин	**E: 21, 00377** **N: 41, 08415**
N3	15м од објект и 24м од циглана	**E: 21, 00189** **N: 41, 08225**
N4	110м од објект циглана	**E: 21, 00353** **N: 41, 08115**
N5	6м од капија на магацин	**E: 21, 00205** **N: 41, 08345**
N6	9м од 10kW столб во правец на фабрика	**E: 21, 00546** **N: 41, 08275**

6.6.1 Активностите на локацијата нема да доведат до зголемување на нивоата на бучава, дадени подолу, на местата специфицирани како осетливи на бучава (дадени на мапата во Прилог IX од барањето за Дозвола, означени како мерни места од 1-6):

Табела 6.6.2: Гранични вредности за индикатори на бучава во животната средина

Параметри	Ниво на звучен притисок на граници од инсталацијата				Фреквенција на мониторинг
	До (датум)	L (dB)	Од (датум)	L (dB) ГВЕ	
$L_д$	До денот на издавањето на дозволата	70	Од денот на издавањето на дозволата	70	Годишно
$L_в$	До денот на издавањето на дозволата	70	Од денот на издавањето на дозволата	70	Годишно
$L_н$	До денот на издавањето на дозволата	60	Од денот на издавањето на дозволата	60	Годишно

- Дење (Lд) 70 dBA
- Вечер (Lв) 70 dBA
- Ноќе (Lн) 60 dBA

6.6.2 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата на годишно ниво. Програмата за преглед на бучавата треба да е во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

6.7 Извори на нејонизирачко зрачење

6.7.1

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1. Од инсталацијата за која се издава дозвола ќе има трансфер на отпадната вода во пречистителна станица.

8. Услови надвор од локацијата

8.1 Нема услови надвор од локацијата.

9 Програма за подобрување

9.1 Операторот ќе треба да ја спроведе Програма за подобрување, предложена од негова страна со мерки кои се однесуваат на заштита на животната средина.

Ознака	**Мерка**	**Цел на мерката**	**Датум на реализација**
1.	Поставување маслофаќач/сепаратор за масла, со цел третман на атмосферски води од таложник пред нивен испуст	Намалување на емисиите во вода	Три месеци од добивање на дозвола
2.	Обновување на Дозволата за користење на бунарска вода и поставување водомер	Регулирана потрошена количина на бунарска вода	По добивање на А-ИЕД
3.	Зголемување на користење на ТНГ во однос на петрол кокс и намалување на користење на петрол кокс	Намалување на емисии во воздух	1-година по добивање на А-ИЕД
4.	Изработка на програма за управување со отпад	Усогласување со законската регулатива за управување со отпад	6 -месеци по добивање на А-ИЕД
5.	Подготовка на План за затворање на Инсталацијата, ремедијација и управување со резидуи	Заштита на животната средина	90 дена пред најава за целосен/делумен престанок со работа на инсталацијата

Се препорачува предлог мерка- инсталирање Систем за намалување на емисиите во воздух и примена на еколошки енергенси со цел намалување на емисиите на сулфурни оксиди во атмосфера.

10 Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството или како што е друго договорено во пишана форма се користи како во услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

- Операторот ќе му даде на Надлежниот орган известување во пишана форма за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

- Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена во пишана форма со Надлежниот орган, може да се спроведува само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно известување во пишана форма за датата на спроведување на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

10.3 Секоја промена на или реконструкција во смисол на, активноста или некој нејзин дел кој може или би можел да резултира со

а) Промена на материјалот или зголемување на:

- природата или количеството на било која емисија;
- системот за намалување/третман или рециклирање;
- опсегот на процесите кои треба да се извршат;
- горивата, суровините, меѓупроизводите, производите или создадениот отпад; или

б) Било каква промена на:

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со негативен ефект врз животната средина;
- било какви промени на преземачот;
- било каква промена која може да има влијание врз животната средина,
- ќе се изведува или ќе започне само со претходно известување и одобрение од страна на Надлежниот орган.

Додаток 1

Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

Дел А

- ☐ Име на Операторот.
- ☐ Број на Дозвола.
- ☐ Локација на инсталацијата.
- ☐ Датум на доставување на податоци.
- ☐ Време, датум и локација на емисијата.
- ☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

- ☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А.
- ☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- ☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултатна емисијата.
- ☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.
- ☐ Име ☐ Пошта.....

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

Додаток 2

Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, за оваа Дозвола, се наведени во Табелата подолу.

Извештај	**Фреквенција на извештајот** Белешка1	**Датум на поднесување на извештајот**
Годишен Извештај за Животна Средина (АЕР)	Годишно	до 31-ви март секоја година
Евиденција на инциденти	Како што се случуваат	Во рок од 5(пет) дена од инцидентот.
Мониторинг на квалитетот на отпадната вода	/	до 31-ви март секоја година
Мониторинг на воздухот	Квартално, двапати годишно и годишно	10(Десет) дена од истекот на кварталот за кој е поднесен извештај
Мониторинг на вода	Согласно дозволата за користење на бунарска вода	до 31-ви март секоја година
Мониторинг на бучава	Еднаш годишно	до 31-ви март секоја година
Распоред на цели и задачи	На секои 7 (седум),години со годишно ревидирање	3(три) месеци претходно, пред започнувањето на развојот
Ревизија на употребата на вода	Годишно	до 31-ви март секоја година
Ревизија за енергетската ефикасност	Еднаш	до 31-ви март секоја година